# МАТЕРИЈАЛИ

Далибор ЈОВАНОВСКИ

## ЕДЕН БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТ ЗА ГРЧКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНИЈА ОД ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

Познато е дека Македонија, како дел од османлиската држава, била цел на територијалните аспирации на балканските држави -Грција, Србија и Бугарија. Ова особено се однесува на периодот по завршувањето на големата источна криза (1875-1881), која овозможила по подолг временски период да дојде до територијални промени на Балканот. Притоа аспирациите најчесто биле оправдувани со историското право врз македонската територија или пак со составот на населението, кое било прикажувано како грчко, српско или пак бугарско, иако поголемиот дел од христијанското население биле македонски Словени.

Сепак територијалните аспирации на балканските држави кон Македонија најчесто биле инспирирани од стратешки и економски причини. Имено, Грција имала потреба од животен простор и плодна земја, на Србија пак, по спогодбата со Австро-Унгарија од 1881 година, единствен правец за територијално проширување ѝ останал на југ. Бугарија, не заборавајќи го Сан Стефано, исто така, имала потреба од излез на отворено море, а такво било Егејското.

Балканските држави имале територијални амбиции кон османлиската држава, но реално немале сила тоа да го остварат самостојно со примена на воени средства, зашто брз разлика на атрибутот "болниот од Босфор", османлиската држава сѐ уште била војнички пресилна за нејзините мали балкански соседи. Единствена можност за остварување на аспирациите било заедничкото дејствување на балканските држави, но и тоа било тешко остварливо. Причина за ова бил судирот на интереси во османлиските области, во конкретниов случај, во Македонија. Ова особено се однесува на Грција и Бугарија. Затоа биле потребни чекори за да се направи обид за договор околу, според нив, спорните прашања и области. Првите грчко-бугарски контакти во обид да се постигне договор биле направени во 1880 година[1]. Тој обид завршил без конкретен резултат. Сличен обид бил направен и при посетата на кнезот Александар Батенберг на Атина во мај 1883 година, но и тогаш не бил постигнат договор.

Во насока на грчко-бугарските односи и контакти со цел да се постигне договор за спорните прашања во Македонија е и наведениов документ. Тоа е

[1] Външната политика на България,т.1, София, 1978,с.122-128; Миноски Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на Балканските држави 1861-1913, Скопје, 2000, с. 285

извештај на британскиот претставник во Атина, Хорас Рамболд, до Солзбери. Во извештајот, Рамболд дава информација за неговиот разговор со Трикупис, тогашен грчки премиер, по повод гласините за можното отворање на бугарско трговско агентство во грчката престолнина. Добар дел од разговорот бил посветен на контактите на Трикупис со поранешниот бугарски кнез Александар Батенберг. Интересно е гледањето на грчкиот премиер за целта на горе-споменатата посета на Батенберг на грчката престолнина. Имено, грчкиот политичар сметал дека главна цел на оваа посета не било ништо друго туку постигнување на грчко-бугарска согласност за границата во Македонија, но тоа не било можно заради, според Трикупис, преголемата зависност на бугарскиот кнез од Русија. Многу поинтересен е податокот што Трикупис му го изнел на Рамболд за предлозите на кнезот Александар за грчко-бугарски договор за Македонија непосредно пред неговото детронирање. Тогаш, според искажувањето на грчкиот премиер, иако тој не бил на власт, биле направени разговори за поделба на Македонија на сфери на интереси, и во принцип Александар се согласил линијата на разграничување на грчките и бугарските интереси во Македонија да минува северно од Охрид-Битола-Струмица и Мелник. Тоа било, како што признава и Трикупис, задоволувачки за Грција зашто Битола и Серес останувале во грчката зона. Доколку тоа и навистина начелно би било договорено, тогаш линијата за разграничување на грчките и бугарските интереси би се поклопила со тогашните размислувања за поделба на Македонија на 3 зони од која јужната била комплетно грчка, северната словенска, а централната била спорна. Тоа не биле размислувања само на грчките политичари, туку и на дел од интелектуалците, особено на Константинос Папаригопулос. Сепак разговорите не продолжиле заради абдикацијата на Александар во 1886 година. Документот го предаваме во целост[2].

Атина, 3 февруари, 1887

Ваше Лордство,

Во мојата итна претходна телеграма споменав дека господинот Трикупис говореше за можноста г-н Греков или г-н Начович да биде наименуван за бугарски агент во Атина. Тоа ме натера да му забележам на неговата екселенција, дека изборот на кој било од овие двајца водечки луѓе сигурно укажува дека бугарските репрезенти имаат важна работа што треба да ја завршат тука. Јас може да забележам, како што известив во мојата телеграма бр. 15 од 25 минатиот месец, дека господинот Драгумис ми призна за неговата мисла дека загриженоста на бугарската влада да биде претставена во Атина покажува дека тие имаат нешто специјално да соопштат. Јас сега го прашав Трикупис дали можеби регентството не е расположено да ги прифати разговорите, за кои кнезот Александар изразил спремност да ги поведе, непосредно пред катастрофата, која го присили да абдицира.

Господинот Трикупис директно не одговори на моето прашање, но тоа го поведе да ми раскаже нешто повеќе за разговорите со кнезот Александар,

---

[2] Државен Архив на Република Македонија, м-159, Rumbold-Salisbury, Athens, february, 3, 1887, FO 32/587

кои тој порано ги имал.

Тој рече дека посетата на кнезот на Атина немала друга цел освен постигнување на разбирање околу грчко-бугарската граница во Македонија. Меѓутоа тој(г-н Трикупис) многу брзо сфатил дека нема ништо добро во обидот за дискусија по ова прашање. Првото прашање, кое тој му го поставил на кнезот Александар, беше дали Неговото Височество би се чувствувал обврзан да ја запознае руската влада за тоа што може да биде донесено помеѓу него и грчката влада. Кнезот искрено одговори дека тој сигурно би чувствувал за своја обврска да го информира Санкт Петерсбург за работата и тоа признание секоја понатамошна дискусија ја направи невозможна. Беше многу необично, инцидентно забележа г-н Трикупис, дека додека така ја признаваше својата апсолутна зависност од Русија, кнезот Александар, по повод неговото претставување пред грчките министри, говореше сè само не со пријателски термини за Русија и тоа во присуство на еден руски генерал, кој беше дел од неговата свита.

Господинот Трикупис, потоа ми повтори дека во времето кога не бил на власт, после општите избори кои го донесоа Делијанис на власт, тој добил свежи предлози околу Македонија од страна на кнезот Александар, кој воведувајќи ги своите предлози изјавил дека повеќе не се чувствува обврзан да ѝ предаде на Русија каков било извештај за неговите активности. Потоа требало да се одреди линијата која би ги одвоила грчките од бугарските интереси, како прелиминарна основа за разбирањето и таа принципиелно била одобрена од кнезот Александар, а би водела од Охрид преку Струмица и Мелник (малку посеверно од овие места) додека не стигне до границата источна Румелија. Таквата линија, забележа фосподинот Трикупис, би била целосно задоволувачка за Грција, зашто таа ги вклучува двете најважни точки после Солун-имено, Битола, на едниот, со кој грчкото влијание би се проширило и во јужна и централна Албанија и Серес на другиот крај.

Јас го прашав господинот Трикупис дали, во овие прелиминарни преговори, се појавиле одредене потешкотии околу едно пристаниште на Егејот, за кое се верувало дека Бугарите имале аспирации. Тој одговори дека било договорено таа точка комплетно да се изостави.

Преговорите, додаде господинот Трикупис, требаше повторно да продолжат, но се случија настаните кои го истераа кнезот Александар од Бугарија.

Јас малку се сомневам, од општата смисла на јазикот на господинот Трикупис за овој предмет-кој, како што ми рече, никогаш не го допрел со некој од моите колеги-дека тој одамна исчекува повторно отворање на прашањето. Неговата цел, како што разбрав, е да се дојде до пријателска согласност со Бугарите околу спорната зона, кон која двете националности полагаат барања, и претходно да се реши ова деликатно прашање помеѓу Бугарија и Грција, до времето кога сегашните територијални решенија, коишто постојат на Балканот, ќе претрпат радикални промени.

Имам чест...,

Хорас Рамболд.